Врз основа на член 18 став 1 алинеја 3 и член 20 став 1 алинеја 10, а во врска со член 41 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“, бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), член 15 став 1 алинеја 3 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, согласно Заклучокот на Советот, бр.02-5091/3 од 20.08.2015 година, одлучувајќи по Известувањето за промена на сопственичка структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО Свети Николе, Уп 1 бр.02-955 од 31.07.2015 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 25-та седница одржана на 20.08.2015 година донесе:

**О Д Л У К А**

1. СЕ ДОЗВОЛУВА промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО Свети Николе, и тоа:

1.1 <u>за истапување на правните лица:</u>

- Фонд на ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА Ц.О. Скопје, со ЕМБС 4064534 и седиште на ул. „12-та Македонска ударна бригада“ бр.2 во Скопје и
- Друштво за интелектуални услуги и едукативни дејности МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ ИНСТИТУТ ДООЕЛ Свети Николе, со ЕМБС 5875480 и седиште на ул. „Карпошева“ бр.76/А во Свети Николе, и

1.2 <u>за пристапување на физичкото лице:</u>

- Борче Серафимовски со ЕМБГ [redacted] и адреса на ул. „[redacted]“ бр.42 во [redacted].

2. Се задолжува Трговското радиодифузно друштво РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО Свети Николе, по извршената промена, наведена во точка 1 на оваа Одлука, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да достави актуелна тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Трговското радиодифузно друштво РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО Свети Николе, согласно член 41 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“, бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), и Правилникот за формата и содржината на известувањето за промената на сопственичката структура, бр.01-5739/1 од 19.11.2014 година, („Службен весник на Република Македонија“, бр.171/14), со Известување за промена на сопственичка структура Уп 1 бр.02-955 од 31.07.2015 година, ја извести Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за неговата намера да спроведе промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО Свети Николе.

Со оглед дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, констатираше дека со спроведувањето на промената во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО Свети Николе, не се создава недозволена медиумска концентрација односно дека оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 и 38 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по поднесеното Известување за промена на сопственичка структура Уп 1 бр.02-955 од 31.07.2015 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИс.р.**

**Бр. 02-955**
**20.08.2015 година**
**С к о п ј е**

**Упатство за правно средство**: Против оваа одлука, радиодифузерот доколку не е задоволен од истата, има право во рок од 30 дена од денот на доставувањето на одлуката да поднесе тужба до надлежниот суд.

**Доставено до:**

1. Трговското радиодифузно друштво РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО Свети Николе;
2. Секторот за стратешко планирање и авторски права;
3. Секторот за правни и економско-финансиски работи;
4. Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на уписникот Уп 1.